# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Број 89 / Година XVII / октомври 2021 – февруари 2022 г. / Весник на Општина Аеродром




## АЕРОДРОМ – ПРВА ОПШТИНА ШТО ПРЕНАМЕНУВА МАРКИЦИ ОД ЗГРАДИ ВО ПАРКОВИ

## ТИМЧО МУЦУНСКИ 100 ДЕНА ГРАДОНАЧАЛНИК

# СОДРЖИНА


УВОДНИК......................................................3
СОВЕТ.........................................................4
БУЏЕТ..........................................................6
УРБАНИЗАМ..................................................7
ЕКОЛОГОИЈА ...............................................9
ИНФРАСТРУКТУРА.....................................16
ИНСПЕКЦИЈА..............................................19
КОМУНАЛНИ РАБОТИ..............................20
ОБРАЗОВАНИЕ..........................................22
СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА............................26
СОРАБОТКА...............................................30
СПОРТ.........................................................31
ИНТЕРВЈУ..................................................33
СРЕДБИ......................................................36
ЗАБАВА......................................................40



Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година

Редакција
д-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Александра МИЛЕВСКА-ПЕТРОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА
Бојан НИКОВСКИ

Уредува
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

Лектор
м-р Гордана Ацеска

Издава Општина Аеродром

Градоначалник Тимчо Муцунски



телефон: 2401 516

e-mail:
vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

Адреса: Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

# УВОДНИК

Почитувани граѓани,

Дозволете ми да изразам неизмерна благодарност за укажаната доверба на локалните избори да станам четвртиот градоначалник на Општина Аеродром. Во ова време на пандемија, енергетска криза, почеток на нова економска и финансиска нестабилност ми претставува чест и задоволство, голема обврска и силен предизвик да ја предводам една од најубавите општини во Македонија.
Уште од првиот ден на стапнувањето на функцијата градоначалник на Општина Аеродром заедно со мојот тим ги засукавме ракавите и се посветивме на проектите предвидени во мојата предизборна кампања. Во првите 100 дена приоритет ставивме на чистењето на дивите депонии, на зголемувањето и исплатата на редовните субвенции, го отворивме спортскиот центар „Марко Божиновски“ во Ново Лисиче. Отстранивме градежни маркици и испланиравме нови паркови на нивно место.
Особено сум горд што ја почнавме и реализацијата на еден од 7-те топ приоритети од мојата програма, а тоа е создавање на општина со 0 корупција. Изминатата 2021 година ја испративме со настанот „Најмладите за Аеродром“, така што успеавме преку хуманитарна забава да ги израдуваме најмладите, но и да им помогнеме на оние на кои тоа им е најпотребно.
Продолжуваме да создаваме соодветни услови за ефикасно, рационално, одговорно и квалитетно раководење и управување со нашата општина и да се грижиме за сите нејзини граѓани од 1 до 101.



Тоа значи дека фокусот на нашата работа во претстојниот период ќе биде насочен кон подобрување на целокупните услови за живот во општината, а тоа значи: изградба на нови градинки, нов мултимедијален центар за културни збиднувања, фестивали и разни случувања, велодром – нешто што зазема сè поголем замав низ светот. Планираме реновирање и модернизација на сите училишта, со што непријатните слики нема да бидат веќе реалност за нашите најмлади. Аеродром го претвораме во екодром – вистинска зелена оаза со паркови и зеленило кои ќе достигнат до 100.000 квадратни метри.

Почитувани сограѓани,

Искрено верувам дека вашата доверба проткаена со моето знаење и ентузијазам ќе придонесе Аеродром да го направиме многу почиста, современо организирана и модерна урбана општина. Заеднички да создадеме хумана животна средина во која сите рамноправно ќе можеме да ги остваруваме своите права и да обезбедиме за себе и за нашите семејства достоинствен, пристоен и просперитетен живот!

Со почит,

**Градоначалник**
**на Општина Аеродром**
**доц. д-р Тимчо Муцунски**

# НОВИОТ СОСТАВ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ 2021 - 2025



**Претседател на Совет**
**Дејан Митески**

Претседателот на Општинската изборна комисија Аеродром, Горан Мојаноски, на 26.10.2021 година во просториите на Општина Аеродром на Тимчо Муцунски му го врачи уверението за почеток на неговиот мандат како градоначалник на Општина Аеродром.

На истото свечено примопредавање беа доделени и решенијата на 27-те членови на новиот Совет на Општина Аеродром и тоа од коалицијата предводена од **ВМРО-ДПМНЕ** „Обнова на Македонија“ со 14 члена, коалицијата предводена од **СДСМ** „Најдоброто за мојата општина“ со 8 члена, а од политичката партија **Левица** со 5 члена. Првата конститутивна седница на Советот на Општината се одржа на 1.11.2021 година.

На советниците им посакуваме успешна четиригодишна работа и изразуваме надеж дека ќе ги вложат своите знаења и со здружена енергија ќе овозможат Аеродром да стане пример за успешна општина!

## ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ОД КОАЛИЦИЈАТА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“ ПРЕДВОДЕНА ОД ВМРО-ДПМНЕ



**Милка Тримчевска**



**Љупчо Ацковски**



**Лидија Стаменкова**



**Станислав Николовски**



**Стефан Синадиноски**



**Сузана Павловска**



**Бошко Петковски**



**Антонио Петковски**



**Елена Мургоска-Митреска**



**Оливер Миланов**



**Валерија Анастасова**



**Маријана Столевска-Тасиќ**



**Васе Канзуров**

# СОВЕТ

## ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ОД КОАЛИЦИЈАТА „НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА“ ПРЕДВОДЕНА ОД СДСМ



Милутин Ристески



Даниел Самарџиски



Љупчо Недески



Сузана Делева



Вангелина Мојаноска



Александра Петковска-Николовска



Томче Ѓуровски



Миле Климоски

## ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ОД ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА



Дарко Масларковски



Горан Костовски



Марија Тодоровска



Кирил Митановски



Благица Сековска

# БУЏЕТОТ ЗА 2022 ГОДИНА СКРОЕН ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ




Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, пред новинарите и претставниците на бизнис-секторот го презентираше буџетот за 2022 година на општината.

Развојниот буџет за оваа година за капитални инвестиции изнесува 728 милиони денари, а во него се предвидени голем број проекти што беа ветени во програмата. Буџетот е сегментиран во повеќе насоки, како што се: образование, спорт и млади, урбанизам, граѓански сектор, инфраструктура, екологија и животна средина.

„Промените се случуваат, а со нашиот буџет ќе инвестираме во секој дел од нашата општина и ништо нема да биде изоставено“, рече градоначалникот Муцунски.

Со буџетот се предвидени инвестиции во повеќе сектори. Во секторот за спорт и млади ќе се инвестираат пет милиони денари за поддршка на спортските клубови и развој на спортот. Ќе бидат реконструирани пет детски игралишта, а ќе обезбедуваме и бесплатно пливање за сите првачиња, почнувајќи од септември 2022 година.

Во секторот за образование ќе се реновираат сите основни училишта, ќе има нови таблети за прво и четврто одделение, смарт-табли за сите ученици, а ќе почне и изградба на три нови градинки во Стар Аеродром, Мичурин и Долно Лисиче. Во секторот за урбанизам е планиран нов сквер зад ТЦ „Капитол“, нов ДУП за Горно и Долно Лисиче, почеток на изградба на нова општинска зграда, како и иновациски ХАБ за младите. Ќе се уреди и Усјанскиот канал, кој е еден од најголемите проблеми за лисичани. Исто така, ќе се изгради и парк во Реонски центар „Аеродром“ на површина од над 5 000 квадратни метри. Овој проект ќе биде целосно реализиран оваа година.

Преку активна работа на системско решение, Аеродром ќе стане општина со нула корупција. Ќе оствариме многу културни и општествени проекти, а ова лето ќе се одржи и фестивал. Најголем фокус ќе ставиме на екологијата и на животната средина.

Општина Аеродром заслужува да биде пример во Македонија во начинот на владеењето и реализацијата на општинските пари.

# АЕРОДРОМ – ПРВА ОПШТИНА ШТО ПРЕНАМЕНУВА МАРКИЦИ ОД ЗГРАДИ ВО ПАРКОВИ

По иницијатива на градоначалникот Тимчо Муцунски, Советот на Општина Аеродром донесе одлука за почнување постапка за бришење на две градежни маркици во Реонски центар, каде што беше предвидена бетонизација со општинска и станбена зграда.

„Среќен сум што Советот ја изгласа оваа иницијатива и што конечно ќе се слушне гласот на граѓаните. На ова место во нашата програма предвидовме парк од 5.000 квадратни метри со монтесори содржини“, изјави Муцунски.

## Промените на владеењето во Општина Аеродром се случуваат. Одговорното работење е наш приоритет!

Избришани се уште три градежни маркици во Реонски центар во Општина Аеродром, со што се спречи изградба на згради на вкупен простор од 13.200 м2. Политиките што ги преземаме имаат цел да ја спречат бетонизацијата и наместо тоа да се стави акцент на зеленилото и хуманата урбанизација.













На третата седница одржана на 30.11.2021 година, Советот донесе уште две важни одлуки - изградба на нова градинка на местото од кафеаната во дворот на ОУ „Блаже Конески“ и бришење на две маркици за градење станбени згради, на чие место сега е предвидено парковско зеленило.

На тој начин конечно се решава повеќегодишниот проблем со места во градинките што предизвикуваше револт и незадоволство кај мичуринци. На истата седница Советот донесе одлука за укинување на две градежни маркици на потегот меѓу ресторанот „Перла Бјанка“ и маркетот ЗУР, каде што наместо колективни згради, сега е предвидено парковско зеленило.

# ПОВТОРНО СЕ ПОТПИШУВААТ РЕШЕНИЈА ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА



**Уште еден проблем на граѓаните станува минато!**

Градоначалникот Тимчо Муцунски по неколку години застој почна да потпишува решенија за легализација на диво-изградените објекти. Со тоа се отkочи процесот на легализација на бесправно изградените објекти, кој почна пред повеќе од 10 години. Во Општина Аеродром се поднесени околу 10.000 барања, од кои речиси половина сè уште чекаат завршница.

За да се забрза процесот на завршување на преостанатите предмети, почнавме со нова поефикасна организација на вработените во Секторот за урбанизам, при што граѓаните добиваат можност да остварат директен контакт со службеникот што го води конкретниот предмет, со цел да се комплетира документацијата.

# СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Градоначалникот Тимчо Муцунски заедно со заменик-амбасадорот на ЕУ, Џулијан Васало, присуствуваше на настан во комуналната градина „Бостание“ во Општина Аеродром, на кој се вклучија и голем број граѓански активисти. Тие, преку неформална дружба, зборуваа за имплементација на различни идеи за подобрување на животната средина.



# ВРЕМЕ Е ДА СЕЛЕКТИРАМЕ И РЕЦИКЛИРАМЕ СТАКЛО!

- Во Македонија  стакло рециклираат 19 % од населението, а во земјите од ЕУ  дури 70 %.
- Со едно рециклирано шише се добива енергија за една светилка од 100 W да свети 4 часа .
- Со едно рециклирано шише добиваме енергија за нашиот компјутер да работи 25 минути.
- Се намалува загадувањето на воздухот за 20 %, а на водата за 50 % .
- Ги поттикнуваме аеродромци да селектираат и рециклираат за сите заедно да придонесеме кон чиста и здрава животна средина!




# ЕКОЛОШКИ АКЦИИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Во пресрет на Светскиот ден на детето во сите 11 градинки на територијата на Општина Аеродром се одржа еколошка акција во соработка со општествено-одговорната компанија „Цветан Димов“. Акцијата беше целосно поддржана од вработените во градинките, кои заедно со најмладите помогнаа во поставувањето на садниците.Нашата цел како општина е да инвестираме во нашите најмили и нашата иднина, бидејќи тие се нашето најголемо богатство.



# АЕРОДРОМ ЗА ГРАЃАНИТЕ 365 ДЕНА!

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, со дел од вработените во општинската администрација почнаа со работа на терен на првиот ден од првата работна недела во 2022 година, испраќајќи порака до аеродромци дека Општина Аеродром ќе им биде на располагање 365 дена во годината. Заедно со сезонските работници тие посетија неколку локации во Горно Лисиче и населбата Лисиче, од каде што градоначалникот Муцунски ја испрати пораката дека останува посветен на заложбата за чист и зелен Аеродром.

**Нашата општина ќе се чисти секој ден од годината. Го опфаќаме секое место, секоја улица, го решаваме проблемот со дивите депонии и редовно ќе ги одржуваме сите јавни површини со цел да го вратиме сјајот на општината.**






**Работиме одговорно за чиста и зелена општина!**

**И покрај дождот сезонските работници се на терен**

# АКЦИИ ЗА САДЕЊЕ ДРВЈА НА РАЗЛИЧНИ ЛОКАЦИИ

- Во паркот кај последната автобуска станица број 5 беа засадени нови 130 дрвја донација на Ротаракт клубот. Дел од нив ги засадија градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Данела Арсовска и Тимчо Муцунски, евроамбасадорот Дејвид Гир и австрискиот амбасадор Георг Вуцас во рамките на GEFF-програмата, која како приоритет ги става чистиот воздух и чистата животна средина.

- Над 80 дрвја беа засадени во акцијата организирана во паркот што се наоѓа во непосредна близина на булеварот „Трета македонска бригада“ спроти Американ колеџ. Локацијата на која се садеа дрвјата беше предвидена за градење на две висококатници, но со одлука на Советот на Општината беше пренаменета во површина со парковско зеленило.

- 22 е бројот на дрвја што беа засадени кај „Ентернет“, во близина на трговскиот центар „Бисер“ во населбата Јане Сандански. Со оваа симболична бројка на стартот на 2022 година, Општината ја испрати пораката дека останува посветена на создавање нови зелени површини и заштита и грижа на животната средина.







# МАПИРАНИ ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

**Општина Аеродром ги мапираше и во соработка со Град Скопје почна да ги чисти дивите депонии на својата територија со цел граѓаните да добијат чиста и зелена општина, да се стави крај на беззаконието и уништувањето на зелените површини.**



# ИСЧИСТЕНА ДИВА ДЕПОНИЈА ОД 2 000 КВАДРАТНИ МЕТРИ ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

Во Горно Лисиче, покрај коритото на реката Вардар во близина на железничкиот мост, со десетина камиони и механизација на Град Скопје успешно беше исчистена дива депонија со површина од околу 2 000 квадратни метри, а беа собрани 250 кубни метри смет, кабаст и градежен шут.

Ги охрабруваме граѓаните да ги пријавуваат дивите депонии, со цел нивно отстранување, а со тоа превенирање на можностите за загадување на воздухот, почвата и водата. Со тоа директно се влијае врз отстранувањето на еден од причинителите што го нарушува здравјето на граѓаните.



# СЕ ЧИСТИ ГОЛЕМАТА ДЕПОНИЈА ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ



Комуналните служби на Општина Аеродром во соработка со Град Скопје работат на расчистување на една од најголемите диви депонии на нејзина територија лоцирана во Долно Лисиче. Станува збор за депонија создавана со години пред мостот што граничи со Јурумлери. Овој потег преполн со ѓубре, шут и кабаст отпад, покрај тоа што е премногу лоша слика за тој дел од општината, претставува и голема опасност за животната средина и здравјето на жителите. Лоцирани се сите депонии на територијата на Општина Аеродром и активно се работи на нивно расчистување. Општината воведе и сменска работа на инспекциските служби, кои се постојано на терен и ги едуцираат жителите, а во краен случај и ги казнуваат несовесните граѓани што фрлаат шут и отпад на јавни површини.

Чекор по чекор, ги решаваме проблемите на аеродромци.

# РАСЧИСТУВАМЕ ПОМАЛИ ДЕПОНИИ

- Како дел од редовните активности неодамна беше чистењето на дивата депонија на улицата „Ернест Телман“.
- Комуналните служби на Општина Аеродром работеа на расчистување на дивата депонија во Горно Лисиче во близина на бунарите на „Охис“.
- Експресно беше исчистена депонија во населбата „Јане Сандански“ по реакција на граѓаните. Имено, по објавата на еден од коментарите за оваа депонија проследен со фотографија, за помалку од 30 минути беа испратени екипи на терен и депонијата веднаш беше расчистена.

**Со новата локална власт дивите депонии во Аеродром ќе станат минато.**

# АЕРОДРОМ И СКОПЈЕ ДОБИВААТ НОВ МЕГАПАРК ОД 100 ИЛЈАДИ КВАДРАТНИ МЕТРИ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, и градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска, ја посетија локацијата на која ќе се гради нов мегапарк, предвиден во програмите на двајцата кандидати.

Паркот ќе опфаќа површина од околу 100 илјади квадратни метри и ќе се протега на потегот од паркот кај последна „петка“ сè до паркот „Авион“.

Предвидено е мегапаркот да стане еден од најголемите паркови на територијата на Град Скопје, претворајќи го ова заборавено место во вистинска локација за релаксирање на жителите.

„На оваа локација до неодамна имаше дива депонија на која секојдневно противзаконски се истураше ѓубре без никаква санкција и без никаков надзор. Сега тоа е веќе минато. Оваа локација почнува да се чисти. Санкционирани се неколку трговски друштва и веќе и тие знаат дека во Аеродром не се толерираат нови диви депонии,“ изјави градоначалникот Муцунски.



# ПОЧНУВА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „ЕКОДРОМ“



## Фотоволтаици за енергетска ефикасност на училиштата

Во основното училиште „Александар Македонски“ почна новиот проект - поставување фотоволтаици во сите основни училишта, но и на дел од градинките на територија на Општина Аеродром.

„Денеска почнуваме со реализација на еден одличен проект. Се поставуваат фотоволтаици во сите осум основни училишта и во дел од градинките на територијата на Општина Аеродром, што ќе помогне во зголемувањето на енергетската ефикасност, како и снабдувањето со електрична енергија“, рече градоначалникот Муцунски. Тој истакна дека има намера во наредниот период да продолжат со реализација на овој проект, со цел да се опфатат сите градинки, но исто така и други јавни објекти што треба да се градат на територијата на општината, а кои се од капитално значење.

„Истовремено, би сакал да кажам дека потпишавме договор со Европската Унија за проект вреден над 800.000 евра во делот на селекција на отпад каде што очекуваме Аеродром да стане пионер во областа на селекција на отпад, и тоа секако поддржано од ЕУ. Тоа значи дека сериозно работиме на реализација на проекти поврзани со заштита на животната средина, користење обновливи извори на енергија и со тоа да го направиме Аеродром модерна општина каква што заслужува да биде“, заклучи градоначалникот.

**Македонија располага со 300 сончеви денови годишно!**

Чекор понатаму е менувањето на законот каде што ќе се дозволи независни поединци да произведуваат и да тргуваат со електрична енергија во системот.

**Иднината е во еколошките решенија!**

# КОНЕЧНО СЕ РЕШАВА ПРОБЛЕМОТ СО ПАРКИРАЊЕТО

Општина Аеродром почнува со спроведување јавни анкети меѓу жителите за воведување зонско паркирање на сите локации што досега не беа опфатени, и тоа преку урбаните заедници, односно куќните совети и управителите на станбените објекти што не се опфатени со зонското паркирање.

Исто така, ќе воведеме и систем на косо паркирање на постојните паркиралишта, со што ќе се обезбеди уште поголем број паркинг-места.

Со овој проект изведен во соработка со ЈП „Градски паркинг“, ќе решиме еден од најголемите проблеми со кој аеродромци се соочуваат долги години.

Сето ова беше договорено на средбата на градоначалникот Тимчо Муцунски со директорот на ЈП „Градски паркинг“, Бојан Христовски.

„Ги поминавме сите критични точки за паркирање во нашата општина и се обврзавме да им излеземе во пресрет на локалните жители“, рече Муцунски.

Доколку граѓаните се изјаснат позитивно за зонско паркирање, тогаш ќе воведеме на повеќе места, како Стар Аеродром и Ново Лисиче.

Инаку, на средба со граѓаните од зградата кај Мајчин дом градоначалникот Муцунски вети дека во текот на 2022 година ќе почне постапка за асфалтирање и обележување на просторот зад Мајчин дом и на тој начин ќе се обезбедат нови 56 паркинг-места.




Доколку граѓаните се изјаснат позитивно, ќе воведеме зонско паркирање на повеќе места

Ќе воведеме и систем на косо паркирање на постојните паркиралишта



# АЕРОДРОМ ЌЕ ДОБИЕ ВЕЛОДРОМ

Градоначалникот Тимчо Муцунски оствари средба со неформалното здружение „На точак“, со кои зборуваше за подобрување на велосипедската инфраструктура во Општина Аеродром.
Со велосипедските ентузијасти договорија идна соработка преку многу проекти во интерес на аеродромци.
Воедно, со ова беше почнат и проектот „Велодром“ како дел од предизборната кампања. Освен новите велосипедски патеки што се планирани, ќе се стави акцент и на редовно одржување на веќе постојните патеки.
Со овие проекти ќе се подобри велосипедската инфраструктура, а се планира во иднина да се вклучат невладиниот сектор и универзитетската заедница.



# ЌЕ СЕ ОТКОЧАТ СИТЕ ПРОЕКТИ ВО ЗАСТОЈ

При увид во градежните активности зад трговскиот центар „Бисер“, кои веќе подолг период беа закочени, градоначалникот Тимчо Муцунски изјави дека новата локална власт нема да работи деструктивно и ќе ги заврши сите веќе почнати проекти.
„Она што ќе се разликува во наредниот период е тоа што нема да има веќе вакви проекти како што е овој зад ТЦ „Бисер“, да се работи толку долг временски период. За тоа ќе бидат ангажирани повеќе работници“.



# СЕ ПРОБИВА УЛИЦАТА „ВАСКО КАРАНГЕЛЕСКИ“ КОН БУЛЕВАРОТ „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА“




Град Скопје интензивно работи на проектот со кој се пробива улицата „Васко Карангелески“ во населбата Стар Аеродром и се поврзува кон булеварот „Трета македонска бригада“.

Ова поврзување се очекува во голема мера да го олесни движењето на возилата во тој дел од општината, но и да придонесе за намалување на сообраќајниот метеж.

Во текот на целиот процес ќе се води грижа за зачувување на животната средина, а новиот потег ќе биде дополнително облагороден со нови дрвореди и зеленило.

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МУЦУНСКИ И ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ НА ТЕРЕН

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, излезе на терен заедно со инспекциските служби за животна средина во рамките на мапирањето на дивите депонии во општината. Прва локација што беше лоцирана е делот кај ФФМ, каде што во програмата беше предвиден мегапарк, а во моментов за жал е дива депонија. При инспекцискиот надзор беа затечени неколку камиони од приватни компании што носеа и истураа шут.

„На самото место денеска заедно со инспекциските служби сосема случајно затекнавме два камиона од приватна компанија што истураа градежен шут на местото каде што сакаме да креираме парк. Она што сакам да го нагласам е дека инспекциските служби и сите други ќе бидат ослободени од политички или бизнис-притисок. Тие од денеска ќе работат согласно со законите и за граѓаните и добија насока да ги прекинат ваквите девијантни и противзаконски појави што се случуваат во општината“, изјави Муцунски.

Градоначалникот Муцунски изрази уверување дека Аеродром ќе биде општина со нула корупција и дека во Аеродром ќе владеат законите. Аеродром е општината од која ќе почнат промените на владеењето во Македонија, а местото на градоначалникот и советниците е меѓу граѓаните.



# ЗИМСКИТЕ СЛУЖБИ НАВРЕМЕ СЕ СПРАВИЈА СО СНЕГОТ

Зимските служби рано утрото по првиот снег годинава излегоа на терен и интензивно работеа на расчистување на улиците, тротоарите, велосипедските патеки и другите површини што се под надлежност на Општина Аеродром. Уште при првите врнежи, веднаш на располагање беа ставени сопствените возила за чистење снег, а за таа цел беа набавени и околу 200 тони сол. Активиран е и кризен штаб со кој директно раководи градоначалникот Тимчо Муцунски.

Истовремено, Општина Аеродром ги потсети жителите и правните лица дека според Законот за јавна чистота, имаат законска обврска да го чистат снегот пред влезовите на своите домови и објекти, со што ќе се обезбеди непречен пристап до нив. Според член 9 од Законот, одржувањето на јавната чистота во општинска сопственост го врши општината, а на објекти во приватна сопственост и на дворните површини го врши сопственикот на објектот.





# СИСТЕМСКИ ЌЕ ГО РЕШАВАМЕ ПРОБЛЕМОТ СО КУЧИЊАТА СКИТНИЦИ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, се сретна со в.д. директорот на јавното претпријатие „Лајка“, Воислав Димитровски, со кого разговараа за решавање на еден од најголемите проблеми на аеродромци – бездомните кучиња.

„Разговаравме за проблемот со бездомните кучиња, кој претставува предизвик за сите жители на нашата општина од гледна точка на нивно безбедно живеење. Бездомните кучиња во одредени делови од нашата општина претставуваат сериозен безбедносен ризик за граѓаните од сите возрасни категории“, изјави градоначалникот Муцунски по посетата на ЈП „Лајка“. Тој посочи дека Општина Аеродром во периодот што доаѓа, во соработка со Градот Скопје и со ЈП „Лајка“, бара системско решение што ќе биде долгорочно и во интерес на граѓаните. Безбедноста на аеродромци е на прво место, порачаа Муцунски и Димитровски.



# ПОСТАВЕНИ УСПОРУВАЧИ НА БРЗИНАТА ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ



**Со безбедноста не смее да има компромис!**

Безбедноста во сообраќајот претставува наш императив, па затоа поставивме успорувачи на брзината пред основното училиште „Гоце Делчев“. Ова е прв чекор во решавањето на проблемите во Горно Лисиче. Планираме вложување во инфраструктурата и поставување соодветна сигнализација и дополнителна инфраструктура секаде каде што е потребно во овој дел од Општина Аеродром. Дополнително, апелиравме до Министерството за внатрешни работи да постави засилени полициски контроли со цел поголема безбедност.

# ДЕЦАТА ВО ЛИСИЧЕ КОНЕЧНО ДОБИЈА НОВО УЧИЛИШТЕ

Учениците од ООУ „Димитар Македонски" во Лисиче првиот ден од второто полугодие на учебната година го почнаа во новоизградениот објект на училиштето. „Тука конечно заврши долгогодишниот проблем со лошите услови и нашата општина доби училиште по сите европски стандарди. Од денеска учениците ќе можат да учат и да ги поминуваат своите училишни денови во топла атмосфера", изјави градоначалникот Муцунски, посакувајќи им успешно второ полугодие на сите ученици од Општина Аеродром и остварување на целите што ги имаат поставено.

Оваа календарска година се планираат повеќе инвестиции во образованието. Освен „Димитар Македонски", во текот на оваа година ќе се реконструираат и другите основни училишта, ќе има смарт-табли, дигитализација, набавка на нови таблети за прво и четврто одделение.

## Образованието е наш приоритет







# ИЗГРАДБА НА ЧЕТИРИ ГРАДИНКИ ДО КРАЈОТ НА МАНДАТОТ

„Аеродром е најмлада општина во Македонија. Во последните години се изградиле голем број згради и многу нови семејства се вселувале. Но, паралелно мора да се градат нови градинки кои ќе го апсорбираат притисокот што се создава. Имаме застрашувачки бројки, околу 800 деца чекаат за престој во градинка. Тоа е проблем што не смееме да си го дозволиме“, изјави градоначалникот Тимчо Муцунски.
Тој, исто така, истакна дека не треба да се чека четири години тој проблем да се реши. Изградбата на нови градинки е потребна веднаш, со главна цел да не се губат генерации во градинките и училиштата, додаде тој.

„Оваа година почнуваме со инвестиција во три нови градинки и тоа во Долно Лисиче, Мичурин и Стар Аеродром. Сакаме во текот на наредната година да почнеме со уште една локација во Лисиче. Верувам дека до крајот на мандатот иако во кампања ветивме четири нови градинки, ќе најдеме начин и за петта градинка.



# СТО ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, положи цвеќе по повод 100 години од раѓањето на Блаже Конески. Тој е втемелувач и еден од кодификаторите на современиот македонски литературен јазик и затоа е значаен за нас како Македонци.
Основното училиште „Блаже Конески“, кое го носи неговото име нема да остане запоставено и ќе биде реновирано во текот на оваа година.



# ИНКЛУЗИВНО ИГРАЛИШТЕ ВО ДВОРОТ НА ООУ„ЉУБЕН ЛАПЕ“




Учениците од основното училиште „Љубен Лапе“ добија инклузивно и пристапно игралиште каде што можат да спортуваат, играат и другаруваат.

Инклузивното игралиште во училиштето со 1.100 ученици, како што рече на отворањето градоначалникот, е од огромна важност за Општина Аеродром.

„Многу е важно децата со посебни потреби да имаат еднакви можности за образование, спортување, учење и другарување со сите други ученици“, изјави Муцунски.



# ЧЕТВРТООДЕЛЕНЦИТЕ УЧАТ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МУЦУНСКИ





Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, во неколку наврати во својот кабинет прими четвртоодделенци од повеќе основни училишта. Учениците заинтересирани околу тоа какви надлежности има општината и како функционира локалната самоуправа, го прашуваа градоначалникот како се решаваат конкретни проблеми, како што се игралиштата за деца, хигиената, парковите и бездомните кучиња. Не постои подобар начин да се научи како функционира локалната самоуправа и која е нејзината важност преку непосредна средба и изворно од првиот човек на општината. „Како просветен работник, секогаш уживам во дружбата со учениците и токму затоа овие средби за мене имаат посебно значење. Секој градоначалник треба да има слух за потребите на сите граѓани, особено за најмладите. Тие се најискрени во кажувањето на своите скромни детски потреби. Преку ваквите средби учениците од нашата општина можат да научат многу корисни информации и затоа комуникација меѓу градоначалникот и учениците отсега ќе стане редовна практика“, изјави Муцунски.

# НОВОГОДИШНА РАДОСТ ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Стотици новогодишни и едукативни пакетчиња беа доделени на голем број невладини и хуманитарни организации што работат на територијата на Општина Аеродром со дечиња и возрасни што имаат посебни потреби.

Оваа акција беше круна на низата предновогодишни активности што произлегоа од големата хуманитарна иницијатива на Општина Аеродром со кои успеавме во намерата да подариме насмевка на што поголем број граѓани. Вработени во Општина Аеродром лично ги посетија организациите што вршат благородна работа и секојдневно и еднакво се грижат за сите. Пакетчињата ги обезбедија голем број општествено-одговорни компании и хуманитарни организации што несебично се вклучија во хуманитарната акција „Најмладите за Аеродром“.

Ваквите настани и иницијативи на Општината ќе прераснат во редовна практика и ќе продолжиме со секојдневна грижа за поквалитетен живот на секој жител во Аеродром.






Хуманоста на дело



# ИСПЛАЌАМЕ ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА

Почна исплатата на финансиската помош за новороденчиња во Општина Аеродром, која беше стопирана со месеци. Со оваа мерка, 53 семејства во Општина Аеродром добија по 8.000 денари парична помош за новороденче.
Општина Аеродром преку доделување еднократна парична помош за сите новороденчиња родени на нејзината територија дава свој скромен придонес во зголемувањето на наталитетот, а со цел делумно да им се олеснат трошоците на родителите што произлегуваат од таквиот среќен чин.

Градоначалникот потпишувајќи ги решенијата за финансиска помош за новороденчиња, порача дека најмладите остануваат во фокусот на нашето внимание и Општината останува отворена за секој проект што значи подобрување на нивниот живот. Инаку, покрај субвенциите од по 8.000 денари за новороденчиња, по конечното завршување на локалните избори беа исплатени и по 3.500 денари за првачиња, како и по 50 отсто од вредноста на велосипедот на граѓаните чии барања беа прифатени на последниот јавен повик за субвенции за велосипеди.



# БЕСПЛАТНИ ПРЕГЛЕДИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Возрасните лица од Долно Лисиче неодамна имаа можност да го проверат своето здравје во акција организирана од Црвен крст – Кисела Вода. На заинтересираните граѓани им беше извршено мерење на крвниот притисок, на шеќерот во крвта и телесната тежина. Лекарите, исто така, им даваа совети за одржување и подобрување на нивното здравје.



# ВАСИЛИЧАРСКИ РУЧЕК ВО ПЕНЗИОНЕРСКИОТ ДОМ

Над 150 пензионери за празникот Василица добија пакети со топол оброк со цел да почувствуваат пријатна и топла празнична атмосфера.
Благодарност до компанијата „Греемак гроуп“ со чија соработка ја оствари вме оваа донација и која е една од општествено одговорните фирми што покажуваат грижа и хуманост за сите категории граѓани.



# БЕСПЛАТНИ ТЕРМИНИ ЗА ВЕЖБАЊЕ ЗА ДЕЦАТА СО АТИПИЧЕН РАЗВОЈ

Советот на Општина Аеродром донесе одлука за бесплатни термини во фискултурната сала на ООУ „Александар Македонски“ наменети за деца со атипичен развој во рамките на проектот „Заиграј со нас“.

Проектот има цел да ја реанимира потребата на оваа ранлива категорија деца и млади во делот на стимулација на физичкиот развој како и социоемоционалниот развој преку друштвени игри. Тренинзите ги водат професионални стручни лица од оваа област, кои со безусловна љубов кон овие деца помагаат во развој на нивната целокупна психофизичка состојба.

„Со иницијативата за користење на фискултурната сала сакаме да им дадеме можност на оваа категорија деца и млади да го покажат својот потенцијал и полесно да се вклучат во социјалниот живот, а на тој начин и да им се отворат нови можности во сопствените животи“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, кој присуствуваше на првиот тренинг.

Со нашата работа постојано ќе придонесуваме за подигнување на свеста и промена на перцепциите во рамките на целната група и во поширокото опкружување.





# ДИСКУСИЈА ЗА ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКА ПОЛИТИКА

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, се обрати на јавната дискусија за Законот за младинско учество и младински политики во фаза на имплементација со локалната самоуправа.

„Ние како општина се обврзавме и ќе издвоиме значаен дел од средствата во општинскиот буџет за помош на младите во општината“, рече градоначалникот Муцунски.

Тој ги охрабри младите да дејствуваат и да преземат одговорност.




# ДОГОВОР ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, потпиша заеднички договор со Општина Палилула од градот Ниш и неколку социјални претпријатија за развој и продлабочување на регионалната соработка во областа на социјалното претприемаштво.

Зборувајќи за улогата на локалните општини во зајакнување на социјалните претпријатија, градоначалникот Муцунски се обрати пред потпишувањето на договорот. Тој истакна дека „социјалното претприемаштво претставува бизнис, но бизнис со срце.

„Особено сум горд што Општина Аеродром е препознаена како гнездо во кое својот зародиш го имаат невладини и граѓански организации што посветено и со многу љубов се грижат за луѓето на кои најмногу им треба помош“, изјави Муцунски.



# ОТВОРЕН СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР „МАРКО БОЖИНОВСКИ“

Ново Лисиче доби нов лик. Спортскиот центар „Марко Божиновски“ е старо-новото место каде што аеродромци ќе може да го негуваат спортскиот дух. Спортист, чесен, добар другар - Марко е пример за секој млад човек. Овој спортски центар нека биде пример за да може секој млад човек да ги следи неговите стапки.

„Одлуката за овој спортски центар е донесена едногласно од страна на советниците на Советот на Општина Аеродром од сите три политички партии: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, Левица. Токму затоа би сакал да кажам дека кога е во прашање овој спортски центар тука нема политичка партија, туку има вредност што ја имаме ние како аеродромци“, изјави градоначалникот Муцунски.

Воедно, огромна благодарност до фамилијата Божиновски кои помогнаа овој објект да добие нов лик за рекордно брз период. Благодарност и до навивачите „Фемили Аеродром“, но и до жителите на Општина Аеродром кои одвоија дел од своето слободно време и присуствуваа на отворањето.

Се надеваме дека токму од овој спортски центар ќе никнат многу нови спортски таленти што со гордост ќе го кажуваат името на Марко Божиновски и со гордост ќе ја претставуваат Општина Аеродром.



# АЕРОДРОМ ЌЕ ДОБИЕ ГОЛЕМ ФУДБАЛСКИ СТАДИОН

На работната средба на градоначалникот Тимчо Муцунски со претседателот на ФФМ, Муамед Сејдини, се разговараше за фудбалската инфраструктура во Општина Аеродром и можноста за соработка на двете институции во изградба на нов репрезентативен стадион во рамките на „Куќата на фудбалот“.

„Зборувавме за почеток на голем проект што ќе биде обележје на едно време. Ние како локална самоуправа ќе дадеме максимална поддршка за овој проект и ќе направиме сè во наша моќ да се реализира. Наша обврска како општина е да се обидеме да придонесеме за напредок на спортот во општината и токму затоа се ваквите проекти. Верувам дека во блиска иднина ќе започнеме со активности“, рече Муцунски.




# БЛАГОДАРНИЦИ ЗА ТРОЈЦА МЛАДИ СПОРТИСТИ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, им додели благодарници на тројца млади спортисти за придонес и постигнати значајни успеси во спортот во регионални и светски рамки.

Благодарници добија каратистката **Магдалена Божиноска**, пливачот **Филип Деркоски** и ракометарот **Марко Мишевски**.

Честитајќи им ги успесите, градоначалникот Муцунски на младите спортисти им посака блескава кариера.



## Филип Ѓоревски, нов генерален извршен директор на МЗТ:

# ОЧЕКУВАМ ВИТРИНИТЕ ДА ГИ НАПОЛНИМЕ СО НОВИ ЗЛАТНИ ТРОФЕИ

МЗТ Скопје Аеродром доби нов генерален извршен директор, и тоа повторно поранешен кошаркар и миленик на нашата публика, кој знае колкава е честа да се носи сино-белиот дрес на клубот.
Станува збор за Филип Ѓоревски, 36 години, кој за нашиот тим настапуваше пред петнаесетина години, а кој потоа неколку години беше и главен координатор на младинската школа на МЗТ Скопје. Во играчката кариера има играно уште и за „Вардар осигурување“, „Карпош соколи“, „Фаворити“ и „Тоа сум јас“, а изминатиов период е меѓу творците на проектот наречен „Академија ФМП“, кој од второligаш дојде до епитетот најпријатно изненадување во актуелнава сезона. Ѓоревски доаѓа на местото на Тони Грнчаров, кој во изминатите четири години беше во улога на предводник на МЗТ Скопје Аеродром.



## Имате големо искуство како кошаркар, но и во последните години бевте на повеќе раководни позиции во светот на кошарката. Дали мислите дека тоа може да ви помогне во подобро разбирање на проблематиката и менаџирањето на еден од најголемите и најтрофејните клубови во Македонија?

Кошарката е моја огромна љубов уште од моите најрани години. Целиот живот го посветив на овој неверојатен спорт кој ме изгради пред сѐ како личност, за што сум најмногу благодарен, а ми отвори и нови хоризонти за професионален развој. Долги години настапував за повеќе клубови, но морам да признаам дека МЗТ Скопје – Аеродром претставува посебна приказна за мене. Бев дел од овој тим и кога поминуваше низ можеби своите најтешки времиња, но заедно со моите соиграчи никогаш не го изгубивме ентузијазмот. Секогаш нѐ водеше мислата дека можеме да успееме и навистина испадна така, нашиот тим прерасна во најтрофеен клуб во земјава, но и со високо реноме во регионот и пошироко. Тоа стекнато искуство од терен, како и подоцнежните раководни позиции кои ги извршував во областа на кошарката ќе се обидам максимално да ги пренесам сега во МЗТ Скопје – Аеродром. Искрено се надевам дека заедно со мојот тим ќе го вратиме вистинскиот сјај на клубот, а тое е можно со искрена и целосно посветена работа. Јас сум тимски играч, а така ќе продолжам и да работам.

## Кои се првите чекори што ќе ги преземете за да го вратите МЗТ Скопје - Аеродром во АБА1 лигата?

Навистина ми е жал што клубот сега е во АБА2 лигата, но можам да ветам дека ќе сторам сѐ да заиграме повторно меѓу прволигашите. Играчите се столбот на клубот, од нивната мотивираност зависи колку и во кој правец ќе се развиваме. Сметам дека треба повеќе да се фокусираме на секој еден играч, да го слушнеме нивното мислење, нивниот став по клучните прашања, да ги прифатиме нивните идеи и критики. Како менаџмент сме должни да им ги обезбедиме најдобрите можни услови за тие кога ќе излезат на терен, натпреварите да ги изиграат маестрално. МЗТ Скопје – Аеродром има многу квалитетни играчи, со долгогодишно искуство. Важно ми е тие да бидат задоволни и да се чувствуваат вреднувани за сиот огромен труд што го вложуваат за нашиот тим. Сметам дека тие се сржта на клубот, ако се тие задоволни и клубот ќе се вивне повторно меѓу ѕвездите, каде што реално и припаѓаме.

## Дали во работата на клубот би вклучиле некои од поранешните големи ѕвезди од овој клуб и кои би биле тие?

МЗТ Скопје Аеродром е најтрофеен кошаркарски клуб во земјава, а тоа значи дека тие награди биле освоени од квалитетни играчи кои своите срца ги оставале на паркетот. Нашиот тим е гнездо од кое имаат излезено огромен број врвни кошаркари, а многумина од нив своите кариери ги продолжија во светски клубови или на водечки позиции во врвната кошарка. Секој играч е дел од успешниот мозаик кој е создаван со години, а ќе го продолжиме и во иднина со нови надежи, за кои ќе се погрижиме да станат големи професионалци.

Вратите на МЗТ Скопје – Аеродром се отворени за сите кои некогаш биле дел од ова големо семејство. Би ми претставувала огромна чест и задоволство доколку некои од големите ѕвезди изразат желба да се вклучат во работата на тимот, затоа што секое споделено искуство е плус. Отворени сме за соработка со секој што има добра мисла и сака да му помогне на клубот.

## Дали сметате дека средствата што се издвојуваат за клубот се доволни за „сино- белите“ да блеснат во целосен сјај?

Средствата што се издвојуваат за клубот се доволни и овозможуваат негово нормално функционирање. Морам да истакнам дека добиваме голема финансиска поддршка од Општина Аеродром, а секако, тука се и нашите поддржувачи, компании што се општествено одговорни, што го почитуват спортот и што исто така му помагаат на клубот за негова подобра работа и етаблирање во светот на спортот.

## Како планирате да го вратите навивачкиот дух што беше препознатлив знак на клубот како „Фемили Аеродром“?

Навивачката група „Фемили Аеродром“ отсекогаш сум ја доживувал како многу важен дел од МЗТ Скопје – Аеродром. Знам колку е важно да имате редовна публика која со огромна страст ве бодри и навива за вас, додека вие играте на домашен или туѓ терен. Убаво е чувството кога давате максимум, а од трибините го слушате своето име. Токму затоа, ќе се потрудиме повторно да ги вратиме љубителите на кошарката во сала и со нашата квалитетна игра да го разгориме нивниот навивачки дух. Постојат голем број млади дечиња што редовно тренират кошарка, а некои од нив сонуваат да станат големи кошаркари. Спортскиот дух се негува од најмали години, а со поддршка од трибините ние создаваме нови спортски генерации, кои ќе испишуваат нови страници во историјата на кошарката. Спортот не е спорт доколку нема публика и гласни навивачи.

## Каде го гледате МЗТ Скопје-Аеродром за неколку години од сега?

Нашиот тим за неколку години го гледам во АБА1 лигата, а играчите како играат пред полни трибини на важни натпревари. МЗТ Скопје - Аеродром го гледам рамо до рамо со најдобрите во кошарката, нашите кошаркари да бидат повторно пречекувани со голема еуфорија од граѓаните, а нашите витрини да ги полниме со нови златни трофеи. Искрено ќе се посветам на мојот нов предизвик и се надевам дека за кратко време ќе ги реализираме поставените цели.

# АЕРОДРОМ – ОПШТИНА СО НУЛА КОРУПЦИЈА

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, заедно со директорот на Фондацијата „Конрад Аденауер“, Даниел Браун, и деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ го претставија проектот „Создавање европска општина: Политика на интегритет за нула корупција“.

„Обезбедување општина со нула корупција претставува клучен предуслов за функционална и ефикасна општина. Правилата по кои функционират и работат функционерите во општината, вработените, администрацијата во општината мора да бидат насочени на тој начин за да обезбедуваат ефикасен систем на добро управување и добро владеење“, рече градоначалникот Муцунски.

Тој додаде дека системот на добро управување во 21 век предвидува соодветни алатки поврзани со дигитализацијата, насочена кон подобрување на услугите што се испорачуваат кон граѓаните.

„Овој проект е сериозен симболичен почеток на еден нов начин и нов систем на функционирање на општините којшто ние сакаме да го наметнеме“, заклучи градоначалникот.

Проектот предвидува Фондацијата да ангажира реномирани домашни експерти што ќе имаат цел во следните четири години да помогнат Аеродром да стане прва општина без корупција.

„Без разлика дали станува збор за отпадот или нешто поврзано со енергијата, прво се обраќам до градоначалникот, се обраќам кај локалната самоуправа. Пред да преминам на следното ниво, до министрите, се обидувам најпрвин тоа да го решам на локално ниво. Тоа е почетокот. Од исклучителна важност е како ќе бидат употребени јавните средства“, истакна директорот на Фондацијата „Конрад Аденауер“, Даниел Браун.

Целосната имплементација на овој проект ќе гарантира дека парите на граѓаните ќе завршат на вистинското место и на тој начин граѓаните ќе добијат поголема транспарентност за нашата работа.



# СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ ГИР: ЕВРОПСКА ПОДДРШКА ЗА АЕРОДРОМ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, оствари средба со евроамбасадорот и шеф на делегацијата на ЕУ, Дејвид Гир.

На средбата се зборуваше за силната поддршка што ја дава Европската Унија на градоначалникот и општината во остварувањето на програмата и ветувањата, со посебен акцент на проектот „Екодром“ и заложбата Аеродром да стане вистинска зелена општина.

„Со амбасадорот Гир и претставниците на Делегацијата зборувавме за проектите што ги имаме предвидено во нашата програма, при што беше нагласена европската поддршка за иницијативата „Екодром“ и акциите што ги преземаме во рамките на Европскиот зелен договор и заложбата за зелена и здрава животна средина.

Од нив, исто така, добив уверување дека можеме да очекуваме поддршка за деловната заедница, која значително придонесува во општината, а особено беше потенцирана и потребата од соработка за остварување на нашиот план за претворање на Аеродром во центар за иновации“, изјави Муцунски.



# СРЕДБА СО Г.Г. СТЕФАН

Градоначалникот Муцунски оствари средба со архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан и секретарот на Скопската епархија во МПЦ-ОА Ванчо Умленски.

На средбата беа разгледани тековни прашања што се однесуваат на имотите и храмовите на Скопската епархија на територијата на Општина Аеродром, како и идните проекти, коишто новата локална власт сака да ги реализира во поглед на духовниот и социјалниот живот.



# ДИПЛОМАТСКИ СРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, во својот кабинет во одвоени посети ги прими амбасадорите на повеќе држави во земјава. Тој се сретна со канадскиот амбасадор Џајлс Норман, италијанскиот амбасадор Андреа Силвестри, хрватската амбасадорка, Нивес Тигањ, како и со унгарскиот амбасадор, Ласло Дукс.
На средбите се разговараше за продлабочување на соработката меѓу Општина Аеродром и нивните држави на различни полиња.
Амбасадорите, пак, ги пренесоа нивните искуства во водењето на локалната самоуправа и општините со што градоначалникот доби поддршка и важни препораки за успешно водење на општината.


Унгарски амбасадор Андреа Силвестри


Хрватска амбасадорка, Нивес Тигањ


Унгарски амбасадор Ласло Дукс


Канадски амбасадор Џајлс Норман

# БРИТАНСКАТА АМБАСАДОРКА ГАЛОВЕЈ ВО ПОСЕТА НА АЕРОДРОМ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Тимчо Муцунски, оствари неформална средба со британската амбасадорка Рејчел Галовеј и со претставници на граѓанското здружение „Новинари за човекови права“.
На средбата беше презентиран проектот „Хотели за опрашувачи“ во реализација на „Новинари за човекови права“, а поддржан од Британската амбасада во Скопје.
Во рамките на настанот беа презентирани дрвените куќички - хотели за опрашувачи, односно за пчели, како дел од проектот, кои подоцна ѝ беа донирани на општината. Куќичките претставуваат прибежишта за опрашувачите во текот на зимските месеци и помагаат во нивно зачувување во урбани средини.
„Пчелите се многу важен дел од нашиот екосистем и ова значи огромен придонес во заштитата на животната средина“, рече градоначалникот Муцунски, додавајќи дека Општина Аеродром ќе се посвети на едукација, образование и создавање навики кај најмладите како да се грижат за животната средина.
Исто така, на средбата со британската амбасадорка Галовеј стана збор за идни проекти во Општина Аеродром поврзани со менаџментот на кризи, заштита на животната средина и слично. Таа рече дека и во иднина несебично ќе ги поддржуваат сите проекти што ја подобруваат животната средина.



**Поддршка за проектот „Хотели за опрашувачи“**

# ГОЛЕМ БРОЈ ДЕЧИЊА НА ХУМАНИТАРНАТА ЗАБАВА „НАЈМЛАДИТЕ ЗА АЕРОДРОМ“

Во духот на новогодишните празници и празнувањето, Општина Аеродром пред платото на ТЦ „Капитол мол“ организираше незаборавен хуманитарен настан, со цел преку песна и забава да се сподели претпразничната еуфорија со секого, а воедно преку донации да се помогне на социјално загрозени семејства.

Децата од предучилишна и училишна возраст од општината имаа можност да се веселат и да се радуваат на забавата проследена од магионичарски перформанс, најактуелниот детски анимиран лик во државата и познати македонски музички ѕвезди.

Водител на настанот беше Марко Новевски, кој официјално го прогласи настанот за започнат со забавно празнично шоу со жонглирање и магионичарски трикови.

Забавата продолжи со настап на познатиот детски лик Биби од образовната платформа „Светот на Биби“.

Присутните имаа можност да се забавуваат со одличен избор на музика преку настапите на Панчо од ДНК, Таско и Лина Пејовска, а свој настап имаа и Сара Мејс и Д крисмас грлс, кои со изведбата на акапела празнични песни, дополнително ја збогатија предновогодишната атмосфера во општината.

За време на хуманитарниот настан, сите присутни имаа можност со купување новогодишни честитки да донираат финансиски средства во кутијата за донации и да им помогнат на најранливите категории на жители во општината. Средствата собрани од настанот беа донирани на социјално загрозени семејства од Општина Аеродром.

Настанот го организираше Општина Аеродром со поддршка од „Каптиол мол“, хотел „Дабл три Хилтон“ и „Рамстор“.










Фото: Марјан Келемен